# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 29 Септември 2005 година<br>Службен гласник број 15<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ИЛИЈА КАРЕСКИ ПОРАДИ НЕСПОИВОСТ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ И ВРАБОТЕН ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

1. Решението за констатирање престанок на мандат на Илија Карески поради неспоивост на функцијата член на Советот и вработен во општинската администрација, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/1
29.09..2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 46 став 2 алинеа 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 и член 34 став 2 алинеа 2 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат

1. Се констатира престанок на мандатот на Илија Карески, член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ +, поради неспојивост на функцијатана член на Советот со вработен во општинската администација

2. Мандатот на членот на Советот му престанува на 23.09.2005 година, односно со денот на поднесувањето на оставката.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/2
23.09.2005 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА МАРЕ АНДРЕЕСКА ЗА ОСТАТОКОТ ОД МАНДАТОТ НА СОВЕТОТ**

1. Решението за верификација на мандат на Маре Андрееска за остатокот од мандатот на Советот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/2
29.09..2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ" бр. 45/2004 - пречистен текст) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за верификација на мандат

1. На Маре Андреeска и се верифицира мандатот на член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за остатокот на мандатот.

2. Свечената изјава, членот на Советот, ја потпишува пред претседателот на Советот.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето "Службен гласник на Општина Прилеп.

4. Решението да се достави до именованата, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/ 3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во општина Прилеп во текот на 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 став 1, член 26, став 4 и став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/2005) и член 22 и 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за дополнување на Програмата за дополнување наурбанистички планови во Општина Прилеп за 2005 година

**1. Дополнување на Детален урбанистички план за н.м. Кадино Село,** со проширување на границите на планскиот опфат за истото, по барање на лицето Темоски Борис.

**2. Дополнувањето на Планот се состои во проширување на планскиот опфат со КП бр. 868 КО Кадино Село.**

Број 07 - 1970/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈОУ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" 32/2005) и член 12 став 3од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/2000, 17/2003 и 65/2004) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, број, 01-462/1 од 28.07.2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1970/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ЈОУ ЗА ДЕЦА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП, ЗА УЧЕБНАТА 2004/2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишниот Извештај на ЈОУ за деца "Наша иднина" - Прилеп, за учебната 2004/2005

година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Годишниот извештај на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп

1. Се усвојува Годишниот извештај на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, за учебната 2004/2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1970/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР**

1. Решението за назначување внатрешен ревизор, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 61/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002 и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за назначување внатрешен ревизор

1. **ГОЦЕ КОСТОСКИ**, дипломиран економист, се назначува за внатрешен ревизор за вршење на работите на внатрешната ревизија на Општина Прилеп.

2. Внатршниот ревизор ќе ги извршува работите предвидени со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

4. Решението да се достави до именуваниот, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК (1 ЧЛЕН) НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ПРИЛЕП**

1. Решението за именување претставник (1 член) на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 29 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за именување претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп

1. Со ова Решение се именува претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп.

2. За претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп и тоа:

- Д-р ИЛИЈА БОГАТИНОСКИ, лекар.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

4. Решението да се достави до именуваниот, ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УО НА ЈОУ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за именување претставници во УО на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" 65/04) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 23.09.2005 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставници на Општина Прилеп во Управниот одбор
на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп

1. Со ова Решение се именуваат претставници на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп.

2. За претставници на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, се именуваат:
- БУШТРЕСКИ НИКОЛА, економист;
- БОЦЕСКА МАРИЈА, дипл. професор;
-МИТРИКЕСКИ ПЕТАР, дипл. техн.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

4. Решението да се достави до именуваните, ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ" С. ТОПОЛЧАНИ**

1. Решението за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Управниот одбор на ОУ "Круме Волнароски" с. Тополчани, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" 63/04) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 23.09.2005 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп
во Училишниот одбор на ОУ " Круме Волнароски " с. Тополчани

1. Во Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ "Круме Волнароски" с. Тополчани ("Службен гласник на Општина Прилеп" број 14/2005) точка 2 алинеа 2 се менува и наместо:"-Трајкоска Моника", да стои: "- Слабакоска Катерина, професор по хемија".

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3. Решението да се достави до именуваните, ОУ" Круме Волнароски " с. Тополчани, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ДСЕМУ "РИСТЕ РИСТЕСКИ-РИЧКО" - ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ДСЕМУ "Ристе Ристески-Ричко" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09..2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" 67/04) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 23.09.2005 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ДСЕМУ "Ристе Ристески-Ричко" Прилеп

1. Во Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ДСЕМУ "Ристе Ристески-Ричко" - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" број 14/2005) во точка 2 алинеа 3 се менува и наместо:"-Снежана Бошкоска", да стои: "-Цветанка Трајкоска-Севдиќоска, професор по одделенска настава".

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

3. Решението да се достави до именуваните, ДСЕМУ "Ристе Ристески-Ричко" Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1970/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦПРТВ - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измени на Статутот на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2040/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.09.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за измена на Статутот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп

1. Се дава согласност на точките 3, 4 и 5 од Одлуката за измена на Статутот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, број 0206-167/2 од13.09.2005 година.

2. Не се дава согласност на точките 1 и 2 од Одлуката за измена на Статутот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, број 0206-167/2 од13.09.2005 година, со кои се предлага да се брише зборот: "печат" од називот и шифрите на дејностите на Центарот.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1970/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.09.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

**ОДЛУКА СО ДОБИЕНО МИСЛЕЊЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ БРОЈ 07-3851/2 ОД 29.08.2005 ГОДИНА**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на општина Прилеп, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.

Број 08 - 1304/1
13.07.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член57 став 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 26 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 05.07.2005 година, донесе.

**О Д Л У К А**
**за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп**

**I. Основни одредби**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководењето со нив.

**Член 2**

Општинската администрација на општина Прилеп (во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на општината, односно Советот и Градоначалникот на Општината.

Општинската администрација:

1. Врши стручни работи за Советот и Градоначалникот на општината;
2. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно унапредување и решавање на проблемите;
3. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината, на барање на надлежните органи или врз основа на закон; и
4. Врши и други работи утврдени со оваа одлука, Статутот на општината и Закон.

Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината во согласност со Уставот и со Закон, со Статутот на општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**II. Видови на организациони облици на општинската администраціја**

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината, утврдени со Закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност со оваа Одлука се организира општинската администрација на општина Прилеп. Општинската администрација се организира во Сектори, Одделенија и Територијална противпожарна единица на општина Прилеп и Внатрешниот ревизор.

**Член 4**

Заради вршење на работите на внатрешната ревизија, Советот на општината, на предлог на Градоначалникот на општината, назначува внатрешен ревизор, како самостоен и независен извршител.

**Член 5**

Секторот се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност органите на општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

Територијалната противпожарна единица на Општината се образува заради

вршење на со Закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 6**

Општинската администрација на општината Прилеп се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината и внатрешниот ревизор:

1. **Сектор за правни,јавни дејности и општи работи, во чиј состав се**:
-Одделението за правни и општи работи,
-Одделението зајавни дејности,
-Одделението за економски развој и прекугранична соработка, и
-Одделение за контакти со граѓаните, Невладините организации, облиците на Месната самоуправа,информирање,правна помош и предлози и претставки;
2. **Сектор за финансирање и Буџет во чиј состав се:**
-Одделениетоза администрирање на приходи;
-Одделението за Буџет и сметководствено финансиски работи;
3. **Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во чиј состав се:**
-Одделението за урбанизам и заштита на животната средина; -Одделението за комунални работи; и
- Одделението за локални патишта и улици

**4.Сектор - инспекторат во чиј состав се:**

- Одделение за комунална, урбанистичка, градежна, сообраќајна инспекција и
- Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животната средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината.

**5. Територијална противпожарна единица на Општина Прилеп**

**6. Внатрешен ревизор**

- самостоен и независен извршител

## IV. Делокруг и начин на извршување на задачите

### А) Сектор за правни,јавни и општи работи

**Член 7**

**Секторот за правни, јавни и општи работи** ги врши следните работи:

- подготвува акти за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите работни тела;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија
- ја следи состојбата во општествените дејности;
- иницира унапредување на локалниот економски развој,поддршка на мали и средни претпријатија;
- иницира и развива регионална и меѓугранична соработка
- соработува со невладините организации;
- организира непосредно контактирање и информирање на граѓаните
- работи на управување со човечките ресурси;
- врши информатичко-технички работи; и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на опшината.

**Член 8**

**Одделението за правни и општи работи** ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот, дава мислење на актите од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања, врши стручни и организациони работи за советот и градоначалникот, ракува со документи од општината, работи на унапредувањето на прашањата поврзани со човечки ресурси,го изготвува службеното гласило на општината; врши стручни и административно технички работи на органот на обликот на месната самоуправа;работи и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 9**

**Одделението за јавни дејности** ги врши работите што се однесуваат на: културата, културните установи и проекти, негувањето на фолклорот,обичаите, старите занаети и слични културни вредности;организирањето манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво; развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби; одржувањето и изградбата на објекти за

спорт; поддршка на спортски сојузи ; социјалната заштита на децата - детски градинки и домови

за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);остварување на социјална грижа за инвалидните лица;децата без родители и родителска грижа;децата со воспитно-социјални проблеми;деца со посебни потреби;децата од еднородителски семејства;децата на улица;лицата изложени на социјален ризик;лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свесата на населението;домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишната возраст,во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита; администрирање на основните и средни училишта во соработка со централната власт,во согласност со закон,организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравственото воспитување унапредување на здравјето,превентивни активности;заштита на здравјето на работниците при работа;здравствен надзор над животната средина;надзор над заразните болести;помош на пациенти со специјални потреби(ментално здравје,злоупотреба на деца)и други области кои ќе бидат утврдени со закон; спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи од последици предизвикани од нив;противпожарна заштита;врши и други работи што ќе ми бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 10**

**Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка** ги врши работите што се однесуваат на:планирање на локалниот економски развој;утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика,поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво;учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство,врши и други работи што ќе им бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Член 11**

**Одделение за контакти со граѓаните, Невладините организации, облиците на месната самоуправа, информирање,правна помош ипредлози и претставки** ги врши следните работи: обезбедува контакт со граѓаните , невладините организации и облиците на месната самоуправа, во смисла на давање и примање на информации кои се од обостран интерес и од витално значење за секојдневниот живот на граѓаните на општината; обезбедува односи со јвноста;дава усни правни совети на граѓаните и им помага и укажува на начинот на остварување на нивните права;дава информации на граѓаните во областа на добивањето на одобрение за градење;неопходната потребна техничка документација за градба;информации за комуналните давачки,информации за општинските органи;јавните претпријататија; за регионални конференции;културни и спортски манифестации,врши и други работи што ќе им бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Б)**Сектор за финансирање и буџет**

**Член 12**

**Секторот за финансирање и буџет** ги врши работите што се однесуваат на:

-собирање,утврдување, евиденција и наплата на приходите на општината;

-подготвување на буџетотт и завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето;

-евиденција за имотот на општината;

-поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината;

-работи на материјално финансиските работи;

-врши финансиско сметководствени работи на органот на обликот на месната самоуправа.

-други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот

**Член 13**

**Одделението за администрирање на приходи** ги врши работите што се однесуваат на: планирање на приходите,нивно утврдување,евиденција и наплата во смисла на собирање на данокот на имот, данокот на наследство и подарок,данокот на промет на недвижности, и други локални даноци утврдени со закон; комунални такси;административни такси;и други локални такси утврдени со закон,делот од приходите од персонален данок од доход;приходи од казни; приходи од ДДВ, донации, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Член 14**

**Одделение за буџет и сметководствено финансиски работи** ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на буџетот и завршната сметка

како и други акти од областа на финансирањето, води евиденција за имотот на оштината, поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината, работи на материјално финансиските работи,ги води јавните набавки на органите на општината, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**В) Сектор за урбанизам, комунални работи, локални патишта и улици и заштита на животната средина**

**Член 15**

**Секторот за урбанизам, комунални работи, локални патишта и улици и заштита на животната средина** ги врши следните работи:

- урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
- заштитата на животната средина и природата.
- комуналните дејности,
- други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Член 16**

**Одделението за урбанизам и заштита на животната средина** ги врши работите: урбанистичкото(урбано и рурално) планирање,учествува во постапката за иаработка, донесување, изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план, Деталните урбанистички планови;
урбанистичката документација за населените места; општи акти за населени места; урбанистички проекти и друга урбанистич документација;
покренува иницијатива за изработка, изменување и дополнување на урбанистички планови;ја следи реализацијата на урбанистичките планови;изготвува програми за урбанистичко планирање и уредување на градежното земјиште; издава одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, се грижи за уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; заштитата на животната средина и природата-мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето,заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачкото зрачење, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Чллен 17**

**Одделението за комунални работи** ги врши работите што се однесуваат на:снабдувањето со вода за пиење;испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување;одведувањето и третманот на атмосферските води;одржувањето на јавната чистота; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини;изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците;одржувањето и користењто на парковите,зеленилото,парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата,одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; предлагање и означување на имиња на улици, плоштади ,мостови и други инфраструктурни објекти, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Одделението за локални патишта и улици ги врши работите, кои се однесуваат на уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници, изградабата, одржувањето,реконструкцијата и заштитата на локалните патишта,улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај;изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањео на јавниот простор за паркирање, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на Општината.

**Г) Сектор - Инспекторат**

**Член 19**

**Секторот - Инспекторат во општинската администрација** врши инспекциски надзор над одредбите на законите, одлуките донесени од Советот на Општина Прилеп и другите прописи кои се однесуваат на патниот сообраќај, комуналната хигиена, градежништвото, урбанизмот, просветата, заштитата на животната средина и над работи од надлежност на општината.

**Член 20**

**- Одделение за комунална, урбанистичка, градежна, сообраќајна инспекција**, ги врши работите од инспекциски надзор над спроведување на законите и одлуките на Советот на општината, од областа на комуналните работи, сообраќајот, градежните работи и урбанизмот.

**Член 21**

- **Одделение за** просветна инспекција, инспекција за заштита на животната средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината. ги врши работите од инспекциски надзор над спроведување на законите и одлуките на Советот на општината, од обласа на просветата, заштитата на животната средина и другите работи од надлежност на општината.

**Д) Територијална противпожарна единица на Општина Прилеп**

**Член 22**

**Територијална противпожарна единица на Општина Прилеп** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот, загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија, утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија, заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- давање помош, кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани, според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Прилеп за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага;
- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи,
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадниците на АРМ,
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

Работите од став 1 на овој член, Територијалната противпожарна единица на општина Прилеп ги врши во "Професионална територијална противпожарна единица"- Прилеп , во чии рамки функционира преку 1 чета со 4 одделенија,

**Ѓ) Внатрешен ревизор**

**Член 23**

**Внатрешниот ревизор** :

- врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија, прифатени од Министерството за финансии;

подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрување од градоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење;

- доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;

-подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;

- врши работи на:претходна контрола на сите финансиски обврски и исплатата на трошоците и ги оверува со свој потпис,согласно Законот за Буџетите; следење на прописите во врска со уредувањето на прашањата од обласа во која што работи; стручна обработка на прашањата кои се од значење за примената на законските одредби;

-изготвува анализи,информации и други материјали;дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти на органите од негова надлежност;

-врши и други работи согласно со Закон.

**Член 24**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

**В. Раководење со организационите облици**

**Член 25**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Со секторот раководи раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

Со одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, го заменува советник од одделението од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

**Член 27**

Со Територијалната противпожарна единица на општина Прилеп, раководи командант.

Во случај на отсуство или спреченост на коандантот, со Территори- јалната противпожарна единица на општина Прилеп, раководи заменик командант .

Со чета раководи командир на чета, а во случај на осуство или спреченост на командирот, со четата раководи заменик командир на чета.

Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 28**

Внатрешниот ревизор е самостоен и независен извршител и е одговорен пред Градоначалникот и пред Советот на општината.

**Член 29**

Вкупниот број вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

## V. Преодни и завршни одредби

**Член 30**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање, управни и административни органи на општина Прилеп ("Службен гласник на Општината" бр. 3/2001), Одлуката за организирање на општинска администрација на Општина Прилеп број 07- 671/16 од 24.05.2004 година, Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп , број 07-779/3 од 14.06.2004 год., Одлуката за
изменување и дополнување на Одлуката организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп , број 07-1297/11 од 07.10.2004 год. и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп , број 07-237/11 од 15.02.2005 година.

**Член 31**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на ОпштинаПрилеп", **а ќе се објави по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.**

Број 07 – 1215/2
05.07.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

## С О Д Р Ж И Н А

**на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 15 од 29.09..2005 година**

1. Решение за констатирање престанок на мандат на Илија Карески поради неспоивост на функцијата член на Советот и вработен во општинската администрација......................................**Стр. 1**

2. Решение за верификација на мандат на Маре Андреска за остатокот од мандатот на Советот......................................**Стр. 1**

3. Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2005 година. ......................................**Стр. 2**

4. Решение за давање согласност на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп. ......................................................................**Стр. 2**

5. Решение за усвојување на Годишниот Извештај на ЈОУ за деца "Наша иднина" - Прилеп, за учебната 2004/2005 година. ..............................................**Стр. 3**

6. Решение за назначување внатрешен ревизор. ....................................**Стр. 3**

7. Решение за именување претставник (1 член) на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп. ..........................................**Стр. 3**

8. Решение за именување претставници во УО на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп. ......................................................................**Стр. 4**

9. Решение за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ "К. Волнароски" с. Тополчани. **Стр.4**

10. Решение за изменување на Решението за именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ДСЕМУ "Ристе Ристески-Ричко" - Прилеп. ..........................................................................................................**Стр. 5**

11. Решение за давање согласност на Одлуката за измени на Статутот на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп. .............................................................**Стр. 5**

ОДЛУКА СО ДОБИЕНО МИСЛЕЊЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
БРОЈ 07-3851/2 ОД 29.08.2005 ГОДИНА

**1. Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп. ......................................................Стр. 6**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.